# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2023 ГОДИНА

## I. Активни жени отчетни власти 3

Проектот „Активни жени отчетни власти 3“ е финансиски поддржан од Фондацијата Kvinna Till Kvinna од Шведска со реализација во периодот 01.01.2021 – 30.09.2024 година. Проектните активности се насочени кон: Поддршка на одржливоста на теренскиот пристап за зајакнување на жените од заедницата за самостојно, организирано застапување на нивните права и потреби кај институциите како редовна програмска рамка на локалните организации, без оглед на тематските области на нивно дејствување (граѓанско учество, економски статус, насилство и сл.); Понатамошен развој на организациските капацитети на локалните женски организации, преку поддршка за практична примена на внатрешните процедури развиени во рамки на претходна поддршка од АЗ; премин од проектно кон програмско планирање и буџетирање; обезбедување континуитет во работењето и ефикасно користење на ресурсите од АЗ и оние добиени од други извори заради постигнување промени во локалната заедница; Градење хоризонтални алијанси помеѓу женските организации и жените од заедниците за размена и соработка, меѓусебна поддршка и солидарно застапување на женското граѓанско учество и на родово одговорни политики и буџети кај институциите на локално и национално ниво. Континуиран мониторинг и собрани податоци за напредокот во спроведувањето на законските обврски за родова еднаквост во однос на воведувањето на родовата перспектива во сите општествени текови со примарен фокус на ефикасноста во имплементацијата на новиот Закон за родова еднаквост.

Во текот на 2023 беа реализирани следните активности:

**Програма за финансиска и техничка поддршка на локалните организации** – продолжи имплементацијата на Вториот циклус на двегодишните институционални грантови кој се спроведува во период од 24 месеци (декември 2021 - ноември 2023 година) како последователни грантови за поддршка на двегодишни програми и буџети на 5 организации (Здружение Радика-Де Дебар, Граѓанска иницијатива на жени – ГИЖ Свети Николе, Хуманитарно здружение „Мајка“ – Куманово, Асоцијација за унапредување на статусот на жените во Македонија „Женска Акција“ – Радовиш, Организација на жени – Струмица). Дополнително, Женско Лоби од Демир Капија заврши со реализација на дополнителната едногодишна проектна поддршка „Зајакнување на Месните Женски Совети II“.

Дополнително, во 2023 година за сите пет организации беше обезбедена поддршка со дополнителен циклус на институционални грантови со период на реализација 01.01-30.09.2024, при што организацијата Женско Лоби Демир Капија за првпат од проектна премина во институционална поддршка. Оваа организација покажа капацитет за долгорочно планирање, програмски и оперативен континуитет, навремено и одговорно исполнување на сите административни обврски и врз основа на пројавен интерес побара поддршка за трансформација на организациското работење (ангажирање на вработен административен персонал, ревизија на основните документи и управувањето, вклучително и развој на внатрешни процедури за финансиско и административно работење). Вкупниот фонд за за третиот циклус институционални грантови изнесува 40 000 ЕУР.

Сумарните податоци за резултатите од активностите на петте грантисти поддржани со институционален грант и еден проектен грантист за 2023 година покажуваат пораст на годишните буџети, зголемен опфат на жени вклучени во теренските активности и тренд на намален број на жени и на релевантни претставници на локалните власти и институции вклучени во директно застапување:


Преглед на годишни буџети по организации
4000000
3500000
3000000
2500000
2000000
1500000
1000000
500000
0
СОСТОЈБА НАВЕДЕНА ВО АПЛИКАЦИЈА ВО 2020
СОСТОЈБА СПОРЕД ЗАВРШНА СМЕТКА ОД 2020
СОСТОЈБА НАВЕДЕНА ВО АПЛИКАЦИЈА 2021
СОСТОЈБА ОД ЗАВРШНА СМЕТКА 2021
СОСТОЈБА НАВЕДЕНА ВО АПЛИКАЦИЈА 2022
ПОСЛЕДЕН ОДОБРЕН БУЏЕТ 2022
СОСТОЈБА ОД ЗАВРШНА СМЕТКА 2022
СОСТОЈБА НАВЕДЕНА ВО АПЛИКАЦИЈА ЗА 2023
ПОСЛЕДЕН ОДОБРЕН БУЏЕТ 2023
СОСТОЈБА НАВЕДЕНА ВО АПЛИКАЦИЈА ЗА 2024
ГИЖ
ХЗ Мајка
ОЖ Струмица
Радика де
Женска Акција


ПРЕГЛЕД НА ТЕРЕНСКИ ОПФАТ НА ЖЕНИ
Број на настани
Опфат на жени
184
1995
15
113
8
238
жени вклучени во теренски едукации, консултации и вмрежувања и кампањи
жени вклучени во состаноци за директно застапување на локалните власти
жени вклучени во истражувачки активности


Преглед на присуство на 17 состаноци за директно застапување според чинители
ПРЕТСТАВНИЦИ НА НВО
46
ПРЕТСЕДАТЕЛКИ НА КЕМЖМ
1
ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТИ
6
ПРЕТСТАВНИЦИ НА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ЕЛС
23
КООРДИНАТОРИ ЗА ЕМЖМ
8
СЕКРЕТАРИ
0
ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И...
1
ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА МЗ
2
ГРАДОНАЧАЛНИЦИ
9
0
5
10
15
20
25
30
35
40
45
50

Процесот на субгрантирање беше надополнет со **тековна техничка поддршка** преку редовна телефонска комуникација, 11 онлајн состаноци и посети во канцеларијата на организациите успешно се справија со предизвиците поврзани со реализација на програмите и буџетите во ситуација на различни административни барања од различни донатори. Потврда за подобрениот финансиски менаџмент е фактот дека од вкупно шест организации, шест добија ревизорски извештаи без наоди и без откриени слабости во внатрешните контроли и тие кореспондираат со проценката на Акција Здруженска. Зајакнат е и капацитетот за стратешко планирање на 14 претставнички на работните тимови на организациите грантисти преку дводневна Работилница за планирање испорачана од Акција Здруженска, на која се стекнаа со знаења за основните чекори во процесот на планирање на организациска стратегија и врз основа на проценка на остварените резултати и анализа на трендовите, ги детектираа заедничките и специфичните предизвици и можностите кои произлегуваат од зајакнатиот капацитет и развија потенцијални пристапи кои како приоритетни ги вградија во предложените годишни програми за 2024.

**Локални средби за вмрежување –** Во насока на вмрежување и размена, како и поддршката на процесот на едукација и планирање на иницијативи за застапување на жените од различни локации, во 2023 организирани се 4 локални средби за вмрежување на кои присуствуваа 189 активирани жени од 29 локации од Струмица, Босилово, Дебар, Центар Жупа, Маврово Ростуше, Куманово, Радовиш, Конче, Лозово и Свети Николе. Оваа година средбите беа ставени во различни контексти, намени и функции: Иницијативата на ГИЖ Свети Николе ги искористи локалните вмрежувања за солидарна акција на 56 членки на Кружоците од Лозово и Свети Николе во функција на мобилизација на ресурси од членови на заедницата од село Сопот во вредност од 1600 ЕУР, како и едукација за одржливо искористување на природни ресурси при подготовка на еколошки производи на иницијатива на жените од Мустафино; Иницијативата на Организација на жени Струмица за организирање на едукација за род со кружоците како превентивна стратегија на опасноста од мобилизација на активистките од страна на антиродовото движење, комбинирана со еколошка акција за собирање на отпадот на излетничкото место Габровски Водопади; Иницијативата на ХЗ Мајка од Куманово за организирање психолошка работилница за self-care и начини за справување со притисоци (партиски, семејни и сл.), а кои со наближувањето на изборите се засилија во некои заедници и кои го загрозија опстанокот на еден од најактивните локален кружок од Пчиња; Иницијативата на Женска Акција од Радовиш и Радика Де од Дебар за посета на кружоците од Радовиш и Конче во Дебар во функција на размена на пристапи за економско зајакнување и функционирање на женските центри.

**Основање на неформална мрежа Национален Женски Кружок –** Акција Здруженска и во 2023 продолжи со фасилитација на размената на успешни работни практики и градење на посилни врски меѓу организациите и жените од заедницата од различни општини со нивниот активен придонес и вклученост во размената на работните пристапи, а со тоа придонесе за финализирање на процесот на воспоставување на неформалната мрежа Национален Женски Кружок кој се основа од 9 локални женски организации (Здружение Радика-Де Дебар, Граѓанска иницијатива на жени – ГИЖ Свети Николе, Хуманитарно здружение „Мајка“ – Куманово, Асоцијација за унапредување на статусот на жените во Македонија „Женска Акција“ – Радовиш, Организација на жени – Струмица, ЖГИ Клеа-Битола и „Женска Солидарност“- Ресен). Мрежата беше официјализирана на Годишната средба на женскиот кружок на кој присуствуваа 54 претставнички на локални женски организации и локални женски кружоци. Феминистичкото образование обезбедено за прв пат на жените од заедницата за време на вмрежувањето резултираше со подобрено разбирање на жените од заедницата за нивните права и начините на кои правата може да бидат ускратени, исто така сите се согласија за почитување на некои од феминистички принципи и применување во нивниот активизам. (солидарност и меѓусебна поддршка, воздржување од осуда на различните од себе, разбирање на сопствената привилегија во однос на жени кои се соочуваат со екстремна маргинализација заради околности и различни форми на патријархални притисоци и сл.). Исто така, самооценката на потенцијалите на Кружоците резултираше со детектирање стратегии за по автономна работа и вклученост во иницијативи за мобилизација/застапување на заедницата.

**Дел од Женскиот кружок, оствари работна средба со Амбасадорката на Кралството Шведска Ami Larsson Jain.** На 15.02.2023 претставнички на Акција Здруженска заедно шесте грантисти Радика-Де Дебар, ГИЖ Свети Николе, ХЗ „Мајка“ – Куманово, АУСЖМ „Женска Акција“ – Радовиш, ОЖ – Струмица и жени од 12 локални женски кружоци имаа можност да ги претставаат постигнатите резултати, предизвиците со кои што се соочуваат во својата работа, како и идните планови на делување во рамките на своите програми како дел од институционалната поддршка на Акција Здруженска.

**Документарно видео „Заживување на локалното женско движење - Возможна мисија**? продуцирано во декември 2023, ги документира пристапите и ефектите остварени со Фондот за поддршка на локалниот женски активизам на Акција Здруженска кој се заснова на принципите на флексибилност, предвидливост, доверба и партнерство на еднаква основа.

**Застапувањето на национално ниво** главно беше фокусирана на одговорот на реакцијата создадена од анти-родовите движења кои предизвикаа негативни влијанија во развојот и усвојувањето на Законот за родова еднаквост, но и на други законодавни/политички процеси релевантни за унапредување на родовата еднаквост (Закон за матична евиденција, Закон за работни односи итн.). Како одговор на тоа, АЗ главно користеше стратегија за намалување на штетата која се состоеше од колаборативни состаноци за застапување на соработката и јавни реакции иницирани со членовите на Платформата за родова еднаквост, учество во дебата и обезбедување јавни изјави за национални телевизии, онлајн и на социјалните медиуми. По само еден состанок на работната група за подготовка на Законот за родова еднаквост во април на кој АЗ ги застапуваше предлозите кои не беа внесени во драфтот на предлогот, со засилените нападите врз Законот од страна на верските заедници кои за првпат во историјата излегоа со заедничко јавно соопштение против било кое законско решение или политика, а МПЦ организираше протестен собир во Скопје. АЗ заедно со дел од организациите од Платформата инициираше состанок со МТСП за застапување на посилна и повидлива реакција на МТСП, а дополнително, беа реализирани средби со пратенички кај кои АЗ ја застапуваше потребата од поголем ангажман и дебата во рамките на нивните партии со цел да се превенира поголемо јавно вклучување нивни избрани/именувани претставници во поддршката на наративите на антиродовите движења и за поголема координација со пратеничките од другите партии за да се обезбеди поддршката за носење на законот за РЕ. Застапувањето беше насочено и кон меѓународната заедница, особено Шведска и ЕУ делегацијата на средби на кои беше застапувана потребата од суштинска координација кај меѓународната заедница и повидлив, јавен одговор во поддршка на родовата еднаквост, со врамување на проблемот во контекст на демократија и добро владеење.

## II. Поттикнување на култура на локална филантропија преку поддршка на локални женски иницијативи

Проектот „Поттикнување на култура на локална филантропија преку поддршка на локални женски иницијативи" е финансиски поддржан од Global Fund for Community Foundation со реализација во периодот 1 септември 2023– 31 август 2024 година. Целите на овој проект се: Да се поддржи автономниот јавен ангажман на руралните жени со ресурси и практични знаења за планирање и спроведување на партиципативни граѓанските иницијативи во заедницата; Да се развие и размени ефикасен модел фокусиран на заедницата за промовирање на локалната култура на филантропија врз основа на граѓански акции за мобилизација на локалните ресурси во корист на приоритетните потреби на жените; и Да воспостави соработка и размена со релевантни национални и меѓународни организации/мрежи кои даваат грантови за застапување на промените во практиките на дистрибуција на развојната помош.

Во текот на 2023 беа реализирани следните активности:

**Подготвителни активности** – во текот на септември и октомври е извршено собирање на детални информации и ресурсни материјали, детектирање на трендови и прилагодливи модели/пристапи за промовирање на филантропски активности. Во оваа фаза воспоставена е комуникација во насока на развивање на модалитети за соработка и взаемна поддршка со организацијата Конект, која е најактивната домашна организација препознатлива по нејзиното промовирање на корпоративната и индивидуална филантропија. **Донаторски кружок** – Акција Здруженска зема активно учество во Донаторски кружок кој беше организиран од Конект и кој претставуваше можност да се запознаеме со Донаторскиот кружок како модел кој е познат во светот и го работат многу организации кои се посветени на поттикнување на филантропијата и донирањето во своите земји. Преку овој модел се поттикнува донирање и отворање на нова перспектива кон донациите да се гледаат како влог, како инвестиција во заедницата во којашто живеат, инвестиција во подобро утре, а Кружокот им дава можност да се испланираат донациите. **Обука за граѓански организации и групи за мобилизирање на ресурси од локални извори од почетно ниво –** Две претставнички на Акција Здруженска беа избрани да бидат дел од процесот на зајакнување на капацитетите на граѓанските организации поврзана со мобилизирање на

ресурси од локални извори, во организација на Конект со, со што се зголемја знаењата на тимот на АЗ во однос на тоа како да се спроведе успешен план за мобилизација и прибирање ресурси од локални извори.

**Онлајн работен состанок со 6 локални организации кои ги координираат локалните женски кружоци во општините во кои работат** – Во текот на месец октомври започнат е процесот на иницијално планирање и идентификување на локални женски кружоци со најголема посветеност и независност во спроведувањето на теренски активности, со цел мобилизација на локални ресурси.

**Учество на Глобален самит #ShiftThePower во Богота** - Акција Здруженска беше поддржана со два патувачки грантови со што две претставнички беа дел од #ShiftThePower глобален самит во Богота, Колумбија на кој учествуваа над 700 ентузијасти и активисти од целиот свет претставници на развојни фондови, филантропски и граѓански организации. Исто така, тимот на АЗ учествуваше на 12 on line пред сесии на самитот кои имаа за цел да креираат поврзувања и креирање и тестирање на нови практики и пристапи кои ги имаат во фокус луѓето и се засновани на принципот од дното нагоре и се насочени кон експериментирање и вложување автентични напори за промена на моќта од постоечкиот систем. Овој настан отвори можност за потенцијално членство на Акција Здруженска во Меѓународната мрежа на женски фондови Prospera и учество во нивните тематски настани.

## III. Други активности

**Два регионални настани „Мировна конференција“ и „Родов самит“ -** Во текот на 2023 година Акција Здруженска учествуваше на два големи регионални настани на кој присуствуваа голем број на граѓански организации активни во областа на родовата еднаквост и правата на жените беа можност за тимот на АЗ да воспостави поврзување и да размени иновативни работни пристапи кон зајакнување на жените, застапување и обезбедување на услуги, кои беа оценети како релевантни за развојот на follow-up стратегијата на АЗ и поддржаните организации..

**Мрежен состанок и два национални граѓански форуми во рамките на Програмата Civica Mobilitas –** со своето учество АЗ активно придонесе во вмрежувањето на организациите поддржани преку Програмата Цивика Мобилитас со учество на еден мрежен состанок и два национални граѓански форуми на кои јавно дискутираа за придобивките од ангажманот на организациите на граѓанските општества во процесите на демократизација и социјални промени во нашата земја.

**Студиска посета во Поградец Албанија –** Акција Здруженска заедно со 6 локални партнерски организации беа дел од студиската посета во Поградец на работилница за размена на искуства и практики со албанската мрежа PRISMA и различни чинители од Македонија и Албанија кои работат на развивање практики за родово партиципативно буџетирање и спроведување на теренски иницијативи за опфат и зајакнување на жени.

**UN Women Gender Data Boot Camp** – Претставничка на АЗ беше избрана да учествува на Gender Data Boot Camp во Турција заедно со останати претставници на граѓански организации, женски граѓански организации, млади, медиуми, think-tank и активисти за родова еднаквост од Македонија. Ова беше можност за тимот на АЗ да го подобри разбирањето, толкувањето и користењето на родово разделените податоци како алатка за унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените во согласност со европските стандарди, како и подигање на свеста за клучната улога на родово разделените податоци и зајакнување на учесниците со потребните вештини и знаења за анализа, толкување, визуелизирање и комуникацијата на родово разделените податоци за да влијаат врз креирањето на политиките и застапувањето.

**Обука за обучувачи за избори и изборни права на жени и маргинализирани групи** - во организација на OSCE претставуваше можност за тимот на АЗ да го ги зголемат своите знаења и вештини во дизајнирањето на активностите за зголемување на свеста во врска со изборните права.

**Обука за Антикорупција** – организирана од Амбасадата на Шведска кој вклучуваше менторска работилница со шведска експертка

## IV Платформа за родова еднаквост

**Акција Здруженска во 2023 учествуваше на седмиот марш за женски права на кој се маршираше под слоганот „Ќе преживеат ли жените овде?“.** Активистките читајќи го прогласот потенцираа дека да се биде жена во Македонија значи да се будиш секое утро во страв и да се прашуваш како и дали ќе го преживееш тој ден, а прашањата се многубројни и се нижат за секоја жена. Овој марш беше протестен одраз на случувањата во нашата земја и колективната негрижа кон жените и девојките во секој поглед: од растечките стапки на

насилство, фемицидите, секојдневни социјални и здравствени неправди и економска несигурност, до високата сиромаштија која особено ги погодува жените. Жените и девојките сè уште се дискриминирани во секој поглед и не остваруваат ниту еднакви права, ниту еднакви можности, ниту дома, ниту на работа, ниту во политиката, ниту во социјалниот живот. Жените се соочени со политики кои не ги препознаваат нивните потреби, со институции кои не ги заштитуваат, механизми кои се слепи кон потребите за унапредување на родовата еднаквост и култура на насилство и мизогинија која постојано се шири.

**Во текот на 2023 како заедничка активност на Платформата за родова еднаквост упатени се следните реакции и поддршки:**

- Мора да има забрана за вршење на лекарска дејност за гинекологот Асани
- Став на Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост за новиот Закон за работните односи -
- Реакција на Платформата за родова еднаквост за поткастот на Лазаров со гостин Латас
- Реакција: Жените во нашата држава го губат и животот поради континуирана системска негрижа за здравјето!
- Реакција: Каков скандал треба да се случи за конечно да се разбудат Лекарската комора и Јавното обвинителство?
- Остра реакција: Црквата подалеку од женските права!
- Реакција: Кој му даде на Владиката концесија за телевизија да ги „забавува“ граѓаните со опасна, погубна и отровна идеологија против жените?.
- Реакција: Функцијата градоначалник на општината не е да прави поделби во граѓанското општество на „послушни“ и „непослушни“ организации, туку да работи за доброто на сите граѓани
- РЕАКЦИЈА: Платформата за родова еднаквост, Мрежата за заштита од дискриминација и Националната мрежа против хомофобија и трансфобија: Македонија треба да биде општество еднакво за сите! СТОП за омразата и насилството кон жените и различноста
- Реакција: Заканите по живот не се слобода на изразување! Солидарност со активистката и новинарката Рита Бехадини!
- Реакција: Уште еден фемицид поради непостапување на институциите
- Реакција: Убиството во Кочани е фемицид! Бараме преквалификување на делото
- Реакција: Омаловажувањето и омразата не се патриотски вредности

## V. Прибирање финансиски средства

Паралелно со спроведувањето на проектите, интензивно се одвиваа и активности за обезбедување финансиски средства за непречена реализација на програмските активности на организацијата. Вкупно реализираниот буџет во 2023 изнесува 6 656.168,00 МКД.




